**20151474159**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08-3697/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Член 1

Во Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија” број 79/13), во членот 36 став (1) зборовите „5.000 до” се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Во ставот (3) зборовите: „од 1.000 до 2.000” се заменуваат со зборовите: „од 600 до 900”.

Член 2

По член 36 се додава нов член 36-а кој гласи

„Член 36-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 3

Се овластува Законодавно - правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита од вознемирување на работно место.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.